*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС*
*ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КУЛТУРА И СПОРТ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 2 од Одлуката за објавување н Оглас за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош бр. 09-2085/7 од 23.03.2017 година, („Службен гласник на Општина Карпош бр.5/2017) се објавува

**ОГЛАС**
**за финансиска подршка на спортски клубови**
**од подрачјето на Општина Карпош за 2017 година**

## I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани спортски клубови регистрирани со седиште на подрачјето на општина Карпош најмалку 3 (три) години, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на спортот.

Спортските клубови се должни во барањето да ги наведат причините и намената за кои ги барат средствата.

## II. Потребни документи и услови за учество

1. Да поседуваат Решение од матичните национални федерации дека клубот е нивен член и активно учество во системот на натпревари во тековната 2017 година;
2. Да имаат изработено годишна програма за работа на клубот;
3. Да имаат регистрирана, организирано и активна младинска спортска школа и нејзино активно учество во натпреварувањето организирано од матичните национални спортски федерации;
4. Решение за регистрација на спортскиот клуб и
5. Решение од Агенција за млади и спорт за вршење дејност спорт,

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови

1. Организациона поставеност на спортскиот клуб;
2. Ранг на натпреварување и
3. Успеси на клубот во последните 4 (четири) години.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sport@karpos.gov.mk*

## IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи: организационата поставеност на спортскиот клуб, рангот на натпреварување и спортските постигнувања, финансиската поддршка ќе се додели:

1. Еднократна финансиска поддршка на спортски клубови кои работат со младински категории (индивидуални спортови) од 30.000,00 денари до 80.000,00 денари;
2. Еднократна финансиска поддршка на спортски клубови кои работат со младински категории (колективни спортови) од 30.000,00 денари до 80.000,00 денари;
3. Еднократна финансиска поддршка на спортски аматерски клубови (индивидуални спортови) од 80.000,00 денари, и
4. Еднократна финансиска поддршка на спортски аматерски клубови (колективни спортови) од 80.000,00 денари.

Општина Карпош ќе ја доделува финансиската поддршка во рамките на своите можностите.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се достават по пошта на ул. Радика бр.9 - Скопје или во Архивата на Општина Карпош, барака бр.2, со ознака „Не отворај" и со назнака „За оглас за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на општина Карпош за 2017 година".

## VI. Рок за поднесување на документите

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 31.03.2017 година.
Документите на спортските клубови кои се некомплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

**Комисија**
**за спроведување постапка по јавен оглас за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Капош**